



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“ ГО ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК




Со пригодна програма, учениците од ООУ „Аврам Писевски“ го одбележаа Светскиот ден на мајчиниот јазик – 21 февруари. На тема „Букет од јазици-цвеќиња во нашиот двор“, подготвена од наставниците по македонски јазик Марика Ракиќ и м-р Матилда Бајкова, учениците говореа на својот мајчин јазик, односно на македонски, ромски и на албански. На приредбата освен основците од ООУ „Аврам Писевски“, учествуваа и учениците од партнер-училиштето ОУ „Пашко Васа“ од село Групчин и истата беше изведена пред родителите, наставниците и претставници од Бирото за развој на образованието.



# ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА – РАБОТИЛНИЦА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

(23.2.2015) Во просториите на Општина Карпош се одржа работилница на тема „Жените во политиката“. Извршниот директор на македонското женско лоби, Даниела Димитриевска , презентираше за правата на жените во политичкиот свет и на колку сегменти делуваат жените во политиката. На работилницата се расправаше за правата на жените гласачи, жените во политичките партии, како и за жени кои се на одлучувачки позиции, односно жени функционери. Жените , како и мажите, можат и знаат подеднакво одговорно и компетентно да ги одредуваат приоритетите во политиката и егзактно ги дефинираат нееднаквите односи на моќ. На крајот од презентацијата, вработените во локалната самоуправа имаа можност да поставуваат прашања од областа на политиката и да разменат идеи и искуства преку заемни размислувања и искуства.



# НАГРАДЕНА „ЕНЕРГИЈАТА“ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“




Проектот „Енергија на ветер во Република Македонија“ изготвен од учениците од ООУ „Лазо Трповски“ 9-а одделение водени од ментор Стефан Симовски, предметен наставник по германски јазик на 44. Меѓународен училиштен натпревар за политичко образование) освои награда во својата возрасна категорија. Покровител на овој реномиран екипен меѓународен натпревар на германски јазик што традиционално се одржува во германскиот град Бон, е претседателот на Германија, Јоахим Гаук. Неодамна стручното жири составено од 40 члена, стручни лица, наставници и претставници на тамошното Министерство за образование и култура, официјално ги објави наградените. Според мислењето на стручното жири голем придонес за доделената награда имаа не само неспорниот квалитет и креативната форма на презентација на проектот, туку и деталниот опис и целосната анализа за потенцијалот на ветерната централа што се гради во Богданци и која годинава треба да почне со производство на електрична енергија. На 44. меѓународен училиштен натпревар за политичко образование, организиран од Сојузната централа за политичко образование од Бон учествуваа повеќе од 50 000 ученици од 29 земји со вкупно 2 752 проекти. Наградените проекти организаторот ќе ги објави во билтенот што ќе излезе од печат кон крајот на јуни годинава. Учеството на овој реномиран натпревар ООУ „Лазо Трповски“ од Скопје го реализира како воннаставна активност со финансиска поддршка од страна на фондацијата Фридрих Еберт.

Стефан Симовски,
предметен наставник во ООУ „Лазо Трповски“ – Скопје

# ОДБЕЛЕЖАН СПОМЕНОТ НА КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ – ПИТУ

Со свежо положено цвеќе, пред споменобележјето на револуционерот Кузман Јосифовски – Питу, денеска, делегација од локалната самоуправа му оддаде почит на големиот македонски херој. Почитувачите на животното дело на великанот Кузман Јосифовски – Питу, ја одбележаа 71- годишнина од неговото загинување. Во знак на почит, меѓу присутните беа и најстарите се уште живи борци од НОБ, односно носителите на "Партизанска споменица од1941" Томе Буклески, Кочо Битољану и Тодор Атанасовски.

Почит кон ликот и делото на истакнатиот борец за слобода, оддадоа и делегации на: Сојузот на борците на Република Македонија, Општинската организација на Сојузот на борци Карпош, претставници од Урбаната заедница Кузман Јосифовски – Питу, Организацијата на жени на општина Карпош, месната организација на Сојузот на борци „Орландиќ", Здружението на пензионери – Карпош, Секција на жените борци – Карпош. Претседателот на Градскиот одбор на Сојузот на борци од НОАВМ, др. Трајко Стаматоски, одржа пригодна беседа за другарот Кузман.

- Денеска го одбележуваме денот на прераната смрт на една исклучително посебна личност . Тој беше човекот кој го даде својот живот за создавање на македонската држава. – истакна Стаматоски. Поетесата Лидија Јеремиќ по повод денот на одбележувањето од загинувањето на Кузман Јосифовски – Питу, посвети стихови наменети за незаборавниот македонски револуционер.



# КАРПОШ МУ ОДДАДЕ ПОЧИТ НА ТРАЈКОВСКИ

(26.2.2015) По повод 11 години од смртта на поранешниот македонски претседател Борис Трајковски, кој загина во авионска несреќа кај Ротимље во близина на Мостар, денеска, делегација на Општина Карпош, предводена од Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски,и преставници од локалната самоуправа Патрик Поповски и Виолета Михајловска, положија свежо цвеќе пред бистата на платото на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје. Претседателот на Советот, Сашо Лазаровски во своето пригодно обраќање изрази длабока жал и почит, велејќи: - Ми преставува особено голема чест и задоволство што СЦ „Борис Трајковски“ се наоѓа точно во општината Карпош. Денес, ние претставниците од локалната самоуправа дојдовме тука за да одадеме почит на прерано починатиот наш претседател Борис Трајковски. Се надеваме дека тој никогаш нема да биде заборавен од идните генерации во Република Македонија, поради длабоката хуманистичка трага што ја остави со своето дејствување. Во авионска несреќа што се случи на 26 февруари 2004 година загина претседателот на Република Македонија Борис Трајковски и осумчлена македонска делегација која патуваше на Меѓународна конференција во Мостар. Единаесетгодишнината од авионската несреќа ќе биде одбележана и со меморијален натпревар во Мостар на македонски и босански алпинисти.



# ЧЕШКИОТ АМБАСАДОР ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“



Чешкиот амбасадор, Мирослав Рамеш, беше во посета на ООУ,,Јан Амос Коменски,, при општината Карпош. Целта на оваа посета беше промоција на изложба на фотографии од старите градби во Чешката република. Изложбата ќе биде поставена во холот на училиштето во период од 23 март до 9 април. На средбата со директорката на училиштето Емилија Арсовска договорија и заеднички активности за Денот на училиштето , како и посета на чешкиот претседател Милош Земан во текот на месец септември. Заедничките активности ќе овозможат афирмирање на воспитно-образовните достигнувања на двете култури.

# "БУКВИ И ЗБОРОВИ" НИЗ ЦРТЕЖИ



(20.02.2015) По повод Светскиот ден на мајчиниот јазик, ООУ „Лазо Трповски“, беше домаќин на училишен ликовен настан, во организација на Одделението за спорт и култура при општина Карпош. Најталентираните основци во ликовниот израз, од шестто до деветто одделение, од десетте основни училишта на територија на Карпош, учествуваа во изработката на цртежи со колаж на тема „букви и зборови“. По пет ученика од секое училиште, здржени во заеднички ликовен тим, преку креативни идеи, создадоа оригинални уметнички дела кои потоа беа изложени во холот на ООУ „Лазо Трповски“. Ликовниот хепенинг беше збогатен со поетските стихови на познатите автори Душко Кралевски и Љубинка Донева, а на ликовните ментори и поетите им беа доделени благодарници за придонесот во реализацијата на овој настан.

# ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ - 400.000 ДЕНАРИ ПОМОШ

Освен големата донација во вода за пиење, конзервирана храна и средства за хигиена, која граѓаните на Општина Карпош ги донираа за поплавените во источниот дел на Македонија, односно за општината Чешиново-Облешево, денес Советот на Општината одобри уште 400.000 денари финансиска помош за подрачјата кои настрадаа во последните поплави. Оваа одлука едногласно беше донесена на денешната 30-та седница на Советот на Карпош со која е одлучено 300.000 денари да бидат издвоени од Буџетот на Општината а 100.000 денари се донација од советниците од сите советнички групи кои за оваа намена еднократно се откажаа од своите паушали. На денешната седница советниците на Карпош донесоа уште неколку значајни одлуки од сферата на урбанизамот, како измените и дополнувањата на урбанистичкиот план вон населеното место „Ски-Водно“ Блок 3 и ДУП за градска четврт 3 08. Од денес престана со работа и ЈП за дистрибуција на природен гас, „КАР-ГАС“ и за него е назначен ликвидатор.

На дневен ред беа и дваесеттина извештаи за реализација на програмите на сите сектори во Општината во текот на минатата 2014 година кои беа усвоени од советниците, а беше донесена и одлука за субвенционирање на енергетско ефикасни згради. Со усвојување на Деловникот за работа на Советот на млади, младите и официјално ќе почнат да присуствуваат на седниците на советот на Карпош и да учествуваат во процесот на одлучување на локалната власт. На денешната седница „виза“ доби и кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општината,а објектот во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“со гласот на советниците ќе биде даден на приватен концесионер по економски цени на киријата, кој пак, за возврат, ќе изврши целосна реконструкција на градинката



# ТРАДИЦИОНАЛНО СЛАВЕЊЕ НА СВ. ТРИФУН

Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски на ден (14.02.2015) на традиционален начин, со закројување на лозјата го одбележа празникот св. Трифун. Имено, тој денес беше гостин на организациониот одбор за одбележување на празникот на винарите од Нерези. Со музика и традиционална трпеза заеднички со своите сограѓани градоначалникот Јакимовски посака оваа година лозјата да бидат преполни со род и да се пие убаво вино.



